ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**

ПРЕТСТАВНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година

Скопје, ноември 2026 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36, став 1, од Законот за локалната самоуправа, („Службен весник на Република Македонија број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24) и член 10 став 1 точка 5 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11), а во врска со член 7 став 3 од Законот за културата („Сужбен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 и 135/25) Советот на Град Скопје на __- та седница, оддржана на __.__.2026 година, донесе

Програма

за изменување и дополнување на Програмата за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година

Член 1

Во Програмата за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година (“Службен гласник на Град Скопје“ бр.14/25, 3/26, 6/26, 8/26 и 10/26), во глава **III. ФИНАНСИРАЊЕ**, бројот „**483.411.169“,** се заменува со **„484.211.169“.**

Во делот А) Буџетот на Град Скопје, бројот „229.456.755“ се менува и гласи „230.256.755“

Во Точка 3, бројот „172.981.755“ се заменува со бројот „173.511.755“ а во табеларниот преглед, се вршат следните измени и дополнувања:

1. ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“, бројот „2.700.000“, се заменува со бројот „2.430.000“ а во активноста „Меѓународна програма“ – бројот „300.000“, се заменува со бројот „30.000“
2. ЈУ Културно информативен центар, бројот „4.500.000“, се заменува со бројот „4.900.000“ и се додава нова активност со наслов „Дополнителни активности и проширување на техничка реализација на програмата“, Програма К4, износ „400.000“
3. ЈУ Универзална сала – во активноста „Тековно одржување“, бројот „200.000“, се заменува со бројот „300.000“
4. Во делот Град Скопје, се додава нова активност со наслов „Стратегија за култура“, со Програма К4, ставка 425, износ „300.000“.

Во Точка 5, бројот „26.200.000“, се менува со бројот „26.470.000“ и во табеларниот преглед се додава нов проект „Санација на кров на објектот Другарче“ со сума „270.000“, Програма КАА, ставка 481

Делот Б) се менува и гласи:

Буџетот на Република Северна Македонија преку Буџетот на Град Скопје во износ од 249.821.714 денари.

1. Платите, придонесите, трансферите за пензионирање и парична помош, средствата за К-15 на вработените во установите за 2026 година – **208.500.000 денари**

   Програма К1- библиотечна дејност – „60.091.000“, Програма К2 - музичко сценска и ликовна дејност – „75.075.000“ и Програма К3 - музејска дејност – „73.334.000“.

2. „Тековно - оперативни расходи и капитални инвестиции на установите“ - **41.321.714 денари** се распределени на следниот начин и тоа:

ИМЕ НА УСТАНОВА	ПРОГРАМА	СТАВКА	ВКУПНО
ЈУ Библиотека „Браќа Миладиновци“	К1	421	6.380.100
ЈУ Младински културен центар	К2	421	9.750.000
	К2	481	3.000.000
	К2	483	1.500.000
ЈУ Културно информативен центар	К2	421	2.450.000
		425	450.000
		426	200.000
ЈУ Универзална сала - Скопје	К2	421	300.000
ЈУ Дом на култура „Кочо Рацин“	К2	421	900.000
		425	123.985
ЈУ ДКЦ „Карпош“	К2	421	1.000.000
		426	100.000
ЈУ Музеј на град Скопје	К3	421	3.950.000
	К3	425	710.000
	К3	426	90.000
ЈУ Зоолошка Градина	К3	421	6.417.629
	К3	423	4.000.000
СЕ ВКУПНО			**41.321.714**

Член 2

Оваа Програма, влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Совет на Град Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Проф. Д-р Даме Димитровски

Број 27-__
_____2026 година

Скопје

О б р а з л о ж е н и е

Правен основ за донесување на оваа Програма е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен гласник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на РС Македонија“ бр. 202/24), со кој е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје, член 7 став 3 од Законот за културата (Сужбен весник на Република Македонија бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 и 132/25) според кој локалниот интерес во културата се финансира согласно со програмата за култура што ја донесува Советот на Град Скопје, како и член 10 став 1 точка 5 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11), согласно кој една од надлежностите на Градот е културата.

Предложеното изменување и дополнување на Програмата за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година, се однесува во точка III. ФИНАНСИРАЊЕ, се предлага бројот „**483.411.169“,** да се замени со бројот **„484.211.169“** и се предлагаат следните измени и дополнувања и тоа:

Во делот А) Буџетот на Град Скопје, бројот „229.456.755“ се предлага да се смени и да гласи „230.256.755“

Се предлага во **Точка 3,** бројот „172.981.755“ да се замени со бројот „173.511.755“ и во табеларниот преглед, се предлагаат следните измени и дополнувања:

1. ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“, се предлага бројот „2.700.000“, да се замени со бројот „2.430.000“ и сумата на активноста „Меѓународна програма“ – „300.000“, да се замени со „30.000“

   Оваа измена се предлага од причини што во летниот период кога го зафати невреме Скопје, дел од објектите претрпеа огромни штети меѓу кои беше зафатен и кровот на Библиотеката „Другарче“, која е подружница на Градската библиотека „Браќа Миладиновци“, при што дојде до оштетување и одлетување на дел од кровната конструкција. За таа цел, се предлага средствата во висина од 270.000 денари кои беа наменети за реализација на активноста „Меѓународна програма“ да се пренаменат за предложената активност.
2. ЈУ Културно информативен центар, се предлага бројот „4.500.000“, да се замени со бројот „4.900.000“ и да се додаде нова активност со наслов „Дополнителни активности и проширување на техничка реализација на програмата“, со сума „400.000“.

   Оваа измена се предлага заради проширување и збогатување на програмските активности на ЈУ Културно-информативен центар до крајот на

2026 година, со посебен акцент на музичката дејност. Имајќи предвид дека установата располага со активен договор за техничка опрема, постојат услови за поефикасно користење на расположливите ресурси и реализација на дополнителни културни настани и активности. Со предложеното проширување се очекува зголемување на бројот на музички настани и унапредување на културната понуда во градот, преку соработка помеѓу ЈУ Културно-информативен центар, Градот Скопје и останатите јавни установи од областа на културата, со цел создавање услови за реализација на дополнителни програмски активности до крајот на тековната година.

3. ЈУ Универзална сала – за активноста „Тековно одржување“, се предлага бројот „200.000“, да се замени со бројот „300.000“
   Имено, оваа измена се предлага поради дополнување на финансиски средства во висина од 100.000 денари за оваа активност кои ќе се наменат за плаќање на втор дел од елаборат за безбедност и здравје при работа и за сервисирање на товарно моторно возило и негово одржување.
4. Се додава нова активност со наслов „Стратегија за култура“, со сума „300.000“, Програма К4 – Културни манифестации, ставка 425
   Оваа измена се предлага поради процесот на менување, дополнување и усогласување на постоечката Стратегија за култура на Град Скопје (2021–2030) со цел нејзино целосно усогласување со современите текови и отворените прашања во културниот сектор, пред сè преку нејзино хармонизирање со Националната стратегија за развој на културата под надлежност на Министерството за култура и туризам. Покрај неопходноста од прилагодување кон новите реалности и обврски што произлегуваат од проектот „Европска престолнина на културата за 2028 година (ЕПК 2028)“, овој процес ќе овозможи адресирање на низа клучни системски предизвици кои бараат дополнување и прецизирање. Оваа активност ќе се спроведе низ широк, партиципативен и инклузивен процес со повторно директно вклучување на сите чинители во културата — независната културна сцена, невладиниот сектор, институциите и уметниците — со цел создавање актуелна и функционална рамка која соодветствува на реалните потреби на сите актери во Градот.

Во Точка 5, се предлага бројот „26.200.000“, да се замени со бројот „26.470.000“ и во табеларниот преглед да се додаде нов проект „Санација на кров на објектот Другарче“ со сума „270.000“, на Програма КАА, ставка 481. За таа цел, се предлага финансиските средства кои беа наменети за реализација на активноста „Меѓународна програма“ во висина од 270.000 денари, да се пренаменат за предложената активност, односно, за санација на кровната конструкција на објектот „Другарче“.

Во делот Б)

Во Точката 1:
Платите, придонесите, трансферите за пензионирање и парична помош, средствата за К-15 на вработените во установите за 2026 година – се предлага бројот **„212.350.000“,** да се замени со бројот **„208.500.000“**
Во Програма К1- библиотечна дејност – се предлага бројот „61.091.000“, да се замени со бројот „60.091.000“, во Програма К2 - музичко сценска и ликовна дејност – се предлага бројот „76.925.000“, да се замени со бројот „74.975.000“ и во Програма К3 - музејска дејност – се предлага бројот „74.334.000“, да се замени со бројот „73.334.000“.
Оваа измена се должи поради проектиран повисок износ на средства за плати за вработените во јавните установи во надлежност на Град Скопје до крајот на оваа буџетска година и истите се предлага да се пренаменета за подмирување на тековно – оперативни трошоци и заостанати долгови по тој основ на градските установи.

Во Точката 2:
Се предлага измена на бројот **„37.471.714 “ денари,** да се замени со бројот **„41.321.714“**
Оваа измена се предлага заради обезбедени дополнителни средства за подмирување на тековно – оперативни трошоци, договорни услуги, за набавка на материјали и ситен инвентар и капитални инвестиции на јавните установи од вишокот на средства за плати и истите се предлага да се распределат и тоа на Програма К1 – 1.000.000 денари, Програма К2 - 1.850.000 денари и на Програма К3 – 1.000.000 денари.

Согласно горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансирање на јавните установи и активности од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година.

Градоначалник на Град Скопје